# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

30 април 2020 | Излегува по потреба | Година XV | број 5



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ И ПОСТОЈАНИТЕ КОМИСИИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО УСЛОВИ НА ПРОГЛАСЕНА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА ИЛИ ПОСТОЕЊЕ НА ИТНА И НЕОДЛОЖНА ПОТРЕБА**

1. Се објавува Одлуката за работа на Советот и постојаните комисии на Советот на Општина Гази Баба во услови на прогласена вонредна состојба или постоење на итна и неодложна потреба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.04.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-1760/1**
**од 30.04.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.52/02), член 2 од Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за локалната самоуправа за време на вонредна состојба (''Службен весник на РСМ'' бр.95/20) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и осмата седница одржана на ден 30.04.2020 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ И ПОСТОЈАНИТЕ КОМИСИИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО УСЛОВИ НА ПРОГЛАСЕНА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА ИЛИ ПОСТОЕЊЕ НА ИТНА И НЕОДЛОЖНА ПОТРЕБА

### Член 1

Во услови на прогласена вонредна состојба или во исклучителни случаи постоење на итна и неодложна потреба од одржување на редовна, свечена и вонредна седница на Советот на Општина Гази Баба, доколку нема услови за одржување на седница на традиционален начин (во просторија определена за таа намена) пропишан со Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, претседателот а во негово отсуство претседавачот може да свика и да раководи со седницата на советот а членовите на советот да одлучуваат со употреба на комуникациски средства (телефонска или конференциска врска со употреба на интернет комуникација и софтверски алатки), со претходно констатирање на обезбедено мнозинство од вкупниот број членови на советот за да може да работи и полноправно да одлучува.

Гласањето во советот со употреба на комуникациски средства, се одвива по пат на поименично произнесување на секој од членовите на советот кои се најавени на седницата и истото уредно се нотира во записникот од седницата на советот.

### Член 2

Во услови на прогласена вонредна состојба или во исклучителни случаи постоење на итна и неодложна потреба од одржување на седница на постојана комисија на Советот на Општина Гази Баба, доколку нема услови за одржување на седница на традиционален начин (во просторија определена за таа намена), претседателот а во негово отсуство претседавачот може да свика и да раководи со седницата на комисијата а членовите на комисијата да одлучуваат со употреба на комуникациски средства (телефонска или конференциска врска со употреба на интернет комуникација и софтверски алатки), со претходно констатирање на обезбедено мнозинство од вкупниот број членови на комисијата за да може да работи и полноправно да одлучува.

Гласањето во постојаната комисија на советот со употреба на комуникациски средства, се одвива по пат на поименично произнесување на секој од членовите на комисијата кои се најавени на седницата и истото уредно се нотира во записникот од седницата на комисијата.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-1702/3**
**од 30.04.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА УРБАНА РЕВИЗИЈА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - 2019 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за усвојување на Урбана ревизија на Општина Гази Баба - 2019 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.04.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-1760/2**
**од 30.04.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 3 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и осмата седница одржана на ден 30.04.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА УРБАНА РЕВИЗИЈА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - 2019 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба ја усвојува Урбаната ревизија на Општина Гази Баба - 2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-1702/4**
**од 30.04.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДОДАТОК НА ПЛАТА ЗАРАДИ ПРИЛАГОДУВАЊЕ КОН ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ КАКО ДЕЛ ОД ИСКЛУЧИТЕЛНА КОМПОНЕНТА НА ПЛАТА, НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ - КОМУНАЛНИ РЕДАРИ ВО СОСТАВ НА СЕКТОРОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ РАБОТИ - ИНСПЕКТОРАТ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за определување на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на административните службеници - комунални редари во состав на секторот за инспекциски работи - инспекторат во Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.04.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-1760/3**
**од 30.04.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 7 од Уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборниот процес (''Службен весник на РСМ'' бр.72/20) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и осмата седница одржана на ден 30.04.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДОДАТОК НА ПЛАТА ЗАРАДИ ПРИЛАГОДУВАЊЕ КОН ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ КАКО ДЕЛ ОД ИСКЛУЧИТЕЛНА КОМПОНЕНТА НА ПЛАТА, НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ - КОМУНАЛНИ РЕДАРИ ВО СОСТАВ НА СЕКТОРОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ РАБОТИ - ИНСПЕКТОРАТ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Во Одлуката за определување на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на административните службеници - комунални редари во состав на секторот за инспекциски работи - инспекторат во Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/20 и 3/20), членот 4 се менува и гласи:

''Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба.''

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-1702/5**
**од 30.04.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДОДАТОК НА ПЛАТА ЗАРАДИ ПРИЛАГОДУВАЊЕ КОН ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ КАКО ДЕЛ ОД ИСКЛУЧИТЕЛНА КОМПОНЕНТА НА ПЛАТА, НА ДЕЛ ОД АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ВО СОСТАВ НА СЕКТОРОТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, КОМУНАЛНИ РАБОТИ И СООБРАЌАЈ**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за определување на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на дел од административните службеници во состав на секторот за градежништво, комунални работи и сообраќај, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.04.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-1760/4**
**од 30.04.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 7 од Уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборниот процес (''Службен весник на РСМ'' бр.72/20) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и осмата седница одржана на ден 30.04.2020 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДОДАТОК НА ПЛАТА ЗАРАДИ ПРИЛАГОДУВАЊЕ КОН ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ КАКО ДЕЛ ОД ИСКЛУЧИТЕЛНА КОМПОНЕНТА НА ПЛАТА, НА ДЕЛ ОД АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ВО СОСТАВ НА СЕКТОРОТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, КОМУНАЛНИ РАБОТИ И СООБРАЌАЈ

### Член 1

Во Одлуката за определување на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на дел од административните службеници во состав на секторот за градежништво, комунални работи и сообраќај (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.3/20), членот 4 се менува и гласи:

''Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба.''

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-1702/6**
**од 30.04.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

# СОДРЖИНА

**ОДЛУКА** за работа на Советот и постојаните комисии на Советот на Општина Гази Баба во услови на прогласена вонредна состојба или постоење на итна и неодложна потреба ....................4

**ОДЛУКА** за усвојување на Урбана ревизија на Општина Гази Баба - 2019 година ........................6

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за определување на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на административните службеници - комунални редари во состав на секторот за инспекциски работи - инспекторат во Општина Гази Баба ........................................................8

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за определување на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на дел од административните службеници во состав на секторот за градежништво, комунални работи и сообраќај .............10

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СКОПЈЕ

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 05/20**
**38 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 10 примероци